Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008
Штип

# СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни дициплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството”,* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21



Издавач
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (АСИСТЕНТ/ПОМЛАД АСИСТЕНТ) ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА, ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ДРУГИ СРОДНИ НАСТАВНО-НАУЧНИ ДИСЦИПЛИНИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 21 август 2008 година, донесе Одлука (бр. 1602-86) за формирање на Рецензентската комисија за избор на ***соработник (асистент/помлад асистент)*** по предметите ***Основи на економијата, Применета економија*** и други сродни наставно-научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав: д-р Љупчо Блажевски – доцент (претседател), д-р Стеван Алексоски, редовен професор (член) и д-р Ванче Стојчев, вонреден професор (член).

По разгледување на приложените материјали и преземените активности, согласно Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 9 јули 2008 година, за избор на асистент/помлад асистент по предметите **Трудово право, Основи на економија** и **Применета економија** се пријавија следниве кандидати: м-р Илија Груевски, м-р Андон Мајхошев и Емануела Ефремовска.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите навремено доставиле пријава со потребните документи во предвидениот рок утврден со конкурсот.

Условите според објавениот конкурс во целост ги исполнуваат м-р Илија Груевски и м-р Андон Мајхошев.

Бидејќи кандидатката Емануела Ефремовска сè уште го нема стекнато академското звање магистер, не ги исполнува законските услови за избор во соработничко звање.

Кандидатот м-р Андон Мајхошев ги има исполнето сите услови за соработничко звање, но поради неговата поголема стручност во доменот на трудовото право и другите сродни дисциплини, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, кандидатот да биде избран во соработничко звање по предметот Трудово право и други сродни дисциплини.

Пријавата на кандидатот м-р Илија Груевски ја проучивме и ја утврдивме следната состојба.

**Биографски податоци**

Кандидатот **м-р Илија Груевски** е роден на 14 април 1977 година во Кочани, каде што живее во моментов. Со одличен успех го завршува основното и средното образование во Кочани.

Во 2002 година дипломира на Економскиот факултет во Скопје, на Отсек деловна (бизнис) економија, насока – Финансиско-сметководствен менаџмент. Заради стручно усовршување, врз основа на размена на студенти, во текот на студиите една година престојува во САД. Во академската 2004/2005 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Финансиски менаџмент, при што предвидените испити ги положува со просечна

оценка 9,78. Магистрира на 4. 6. 2008 година, одбранувајќи го со успех магистерскиот труд со наслов *„Финансирање и развој на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија од општината Кочани“* и се стекнува со академско звање – магистер на економски науки.

По завршувањето на Економскиот факултет, работно е ангажиран како економист во странска текстилна компанија. Исто така, врз основа на методологијата на Светската банка, кандидатот изготвува неколку инвестициски проекти за домашни фирми (списокот на проекти е приложен во документацијата со која конкурира кандидатот).

Кандидатот својот магистерски труд го изработува користејќи ја методологијата на емпириски истражувања, реализирајќи интервјуа и анкета, при што има изработено поголем број на стручни трудови во вид на семинарски трудови на постдипломските студии.

Кандидатот активно говори и пишува на англиски јазик и одлично користи поголем број на компјутерски апликации.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи го досегашното образование и досегашната стручна и научноистражувачка активност на пријавените кандидати за избор во соработничко звање по предметите Основи на економија, Применета економија и други сродни дисциплини, Комисијата едногласно му дава доверба на кандидатот м-р Илија Груевски.

М-р Илија Груевски има постигнато висок успех на постдипломските студии, има потребно научноистражувачко искуство и искуство во подготовка на стручни трудови. Неговиот досегашен работен ангажман како економист во странска компанија и како изготвувач на инвестициски проекти се дополнителни квалификации кои ќе овозможат кандидатот во текот на реализацијата на наставната дејност да ја соедини теоријата со праксата.

Неговото досегашно додипломско и постдипломско образование целосно соодветствува со потребните компетенции кои треба да ги има секој помлад асистент од економската група на предмети, со што Комисијата смета дека кандидатот, освен за предметите Основи на економија и Применета економија, е соодветен и за други сродни предмети кои се предвидени во текот на студиите на Правниот факултет.

Од приложеното, може да констатираме дека кандидатот одлично го владее англискиот јазик, владее со компјутерските вештини, што претставуваат важен дополнителен услов за квалитетна високообразовна и научноистражувачка активност.

Поради наведеното, Комисијата му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, **м-р Илија Груевски** да го избере во **помлад асистент** по предметите **Основи на економија, Применета економија** и **други сродни дисциплини.**

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Љупчо Блажевски, претседател, с.р.**

**Д-р Стеван Алексоски - редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Ванче Стојчев - вонреден професор, член, с.р.**